HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ФЕВРУАРИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# СОДРЖИНА

01
вовед

02
говор на омраза

03
дела од омраза

04
родово базирано насилство и семејно насилство

05
затворени институции

06
бесплатна правна помош

# ВОВЕД

Во февруари 2025 година, во јавноста се отворија прашања што се однесуваат на областа на човековите права.

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација изразија сериозна загриженост поради предложените измени на Законот за полиција. Овие измени се чекор назад во заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство и се косат со Истанбулската конвенција и со домашното законодавство.

Клучните промени предвидуваа одземање на службеното оружје од полициски службеник само по спроведена внатрешна постапка во МВР, наместо веднаш по известување за насилство, и укинување на обврската за задолжителен психолошки и психијатриски преглед на службеници обвинети за насилство.

# ВОВЕД

Овие измени сериозно ја загрозуваат безбедноста на жртвите, особено кога сторителот е припадник на полицијата. Како резултат на реакциите од граѓанскиот сектор, измените беа повлечени од страна на Владата и Министерството за внатрешни работи. Дополнително, во текот на месецот, Платформата за родова еднаквост реагираше на засилени случаи на мизогинија и родово базиран говор на омраза во јавната сфера, насочени кон новинарки и политичарки. Нападите доаѓаа од јавни личности - новинари и функционери - што дополнително ги зголеми нивното влијание и штетност.

Овие случувања укажуваат на загрижувачки тренд на враќање кон патријархални и репресивни модели што ги поткопуваат родовата еднаквост и човековите права. Се бараат јасна институционална реакција, санкционирање на говорот на омраза и посилна поддршка на жените во јавната сфера.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

**Во текот на февруари, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 74 случаи со елементи на говор на омраза, повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување по различни основи.**

**Овој месец беа забележани 33 случаи (38 %) на говор на омраза поради национална припадност, 32 случаи (37 %) врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 15 случаи (17 %) врз основа на етничка припадност, а 5 случаи (6 %) врз основа на политичка припадност.**
**Во текот на февруари продолжува трендот на зголемен број пријави поврзани со националната припадност, при што забележани се навредливи и заканувачки пораки насочени кон заедници од земјите на Западен Балкан.**

**Овој месец, исто така, забележано е и зголемување на случаите на говор на омраза и вознемирувачки изрази насочени кон ЛГБТИК+ заедницата, кое, според анализите, е поврзано со политиките и политичките изјави на претседателот Трамп. Дополнително, кон крајот на месецот, забележан е пораст на хомофобичен говор на омраза по најавите дека се можни промени во Уставот на Унгарија што би можеле да водат кон можност за забрана за одржување на Парадата на гордоста.**

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ФЕВРУАРИ 2025




- Говор на омраза по национална припадност (33)
- Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет (32)
- Говор на омраза поради етничка припадност (15)
- Говор на омраза поради политичка припадност (5)
- Излагање на подбив на претставници на странски држави (1)
- Говор на омраза врз основа на здравствена состојба (1)

***На платформата се регистрирани 69 оригинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Заклучоци:**

**1. Најголем дел од пријавите (38 %) се однесуваат на говор на омраза поради национална припадност, што укажува на континуирана тензија и нетолеранција кон одредени национални групи, особено од Западен Балкан.**

**2. Високиот процент (37 %) на случаи поврзани со сексуална ориентација и родов идентитет укажува на зголемена хомофобија и трансфобија, често поттикната од политички наративи и меѓународни настани.**

**3. Иако во помал број, пријавени се и случаи поради етничка припадност (17 %) и политичка припадност (6 %), што укажува на широка распространетост на омраза врз основа на различност.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

## ПРЕПОРАКИ

**Препораки:**

**1. Надлежните институции треба проактивно да го следат говорот на омраза на дигиталните платформи и соодветно и навремено да постапуваат по пријавите.**

**2. ЛГБТИК+ заедницата, етничките и националните малцинства треба да добијат поголема институционална и општествена поддршка, особено во поглед на нивната безбедност и јавното претставување.**

**3. Политичарите и јавните личности треба да се воздржат од изјави што може да поттикнат говор на омраза, со цел да не се мотивираат нетолерантни наративи во јавноста.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

**Во текот на февруари 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 4 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 2 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност, еден инцидент врз основа на религија и еден инцидент врз основа на националност.**

**Според видот на насилството, инцидентите содржат насилство и уништување симболи. Во два од случаите, како жртви или како сторители се јавуваат малолетници.**
**Потенцијалните инциденти се вклучени во Извештајот затоа што се поврзани со ситуации во кои, според другите индикатори, постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани.**

**Меѓу овие пристрасни индикатори се: перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разлика меѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време.**

Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој Извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Заклучоци:**

**1. Најголем дел од потенцијалните инциденти се поврзуваат со етничката припадност на жртвата или сторителот. Ова укажува на континуирано присуство на меѓуетничка нетрпеливост, особено во простори каде што различни заедници се во секојдневна интеракција.**

**2. Во два од регистрираните инциденти, како жртви или како сторители се јавуваат малолетници. Ова укажува на раната изложеност на деца и млади на насилни и пристрасни однесувања, како и на недоволна едукација и превенција во образовниот и семејниот контекст.**

**3. Инцидентите се случуваат на места и во периоди што се веќе препознаени како ризични (мешани населби, училишта, автобуски линии), што укажува на потребата од превенција.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

## ПРЕПОРАКИ

**Препораки:**

**1.Имплементација на едукативни програми за млади, со посебен акцент на интеркултурно образование, ненасилно решавање конфликти и почитување на различноста, преку соработка со Министерството за образование и со образовните институции.**

**2.Зголемување на видливоста на безбедносни служби и полициско присуство во чувствителни зони, особено во периоди на зголемена тензија (спортски натпревари, верски празници, училишни паузи), со цел превенција од потенцијални инциденти.**

**3.Развивање и унапредување механизми за навремено пријавување, следење и анализа на инциденти со пристрасен мотив преку институционална поддршка и партнерство со граѓанскиот сектор и локалните заедници.**

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

**1. Реакција на предложените измени на Законот за полиција**

**Хелсиншкиот комитет за човекови права, преку Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација (во кои членува) изрази длабока загриженост поради предложените измени на Законот за полиција, кои се значителен чекор назад во заштитата на жртвите на семејно и други форми на насилство врз жени. Според предложените измени, на полицискиот службеник што би бил обвинет за семејно насилство не би му се одзело веднаш оружјето, туку постапката би зависела од внатрешната контрола на Министерството за внатрешни работи. Ова ја намалува безбедноста на жртвите и ја загрозува нивната заштита, бидејќи воведува дополнителни бариери и несигурност. Понатаму, измената ги брише обврските за психолошки и психијатриски прегледи на полициските службеници обвинети за насилство. Овие измени би можеле да доведат до ескалација на насилството и да ја зголемат недовербата на жртвите кон институциите. Врз основа на ова, побарано беше итно повлекување на предложените измени. По поднесените забелешки, Министерството за внатрешни работи ги разгледа барањата на граѓанските здруженија и ги повлече измените на Законот.**

**2. Напади врз новинарки и зголемена опасност од родово базирано насилство**

Во февруари 2025 година беа забележани сериозни мизогини напади врз жени, особено врз новинарки, кои се изложени на дискриминација, насилство и родово базиран говор на омраза. Особено забележителни беа нападите врз новинарките Сашка Цветковска и Деница Чадиковска од страна на јавни личности, меѓу кои беше и новинарот Драган Павловиќ-Латас. Овие напади имаат сериозни последици за безбедноста на новинарките и претставуваат директен напад врз слободата на медиумите. Дополнително, новинарките Снежана Лупевска Созен и Марија Митевска беа изложени на дигитално родово базирано насилство, а новинарката Рита Бехадини доби закани по живот преку социјални медиуми. Овие случаи укажуваат на продолжениот проблем со насилство и дискриминација на жените во медиумската сфера, како и на недостигот на ефективна реакција од надлежните органи.

**3. Говор на омраза од јавни личности и институционална одговорност**

Министерката за финансии, Гордана Димитриеска-Кочоска, употреби родово базиран дискриминациски говор насочен кон пратеничката Славјанка Петровска. Оваа изјава ја потврдува распространетоста на родовата дискриминација и опасноста од нејзино нормализирање во јавната сфера, особено кога доаѓа од институционални фигури. Министерката се обиде да ги сведе жените на нивната репродуктивна функција, игнорирајќи ги сериозните социјални проблеми што ги засегаат жените, како што се сиромаштијата и недостигот на социјална инфраструктура. Овие изјави дополнително ја влошуваат позицијата на жените во општеството, особено во контекст на нивното претставување во политиката и во јавните функции.

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВОТО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНОВО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

**1. Предложените измени на Законот за полиција ја намалуваат заштитата на жртвите на насилство, воведувајќи дополнителни бариери и несигурност.**

**2. Нападите врз новинарки и родово базираниот говор на омраза претставуваат сериозен ризик за безбедноста и слободата на медиумите.**

**3. Родовата дискриминација од институционални фигури, како што се изјавите на министерката, ја продлабочува нееднаквоста и ги понижува жените.**

**Препораки:**

- **Повлекување на измените од Законот за полиција со цел да се заштитат жртвите на насилство.**
- **Зајакнување на заштитата на новинарите и санкционирање на нападите врз нив.**
- **Нулта толеранција за родова дискриминација од јавни фигури, со јасни санкции и осуда.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

**Општ преглед на активностите:**

**Во текот на февруари 2025 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во четири предмети.**

- **Два предмета: Условен отпуст со заштитен надзор.**
- **Два предмета: Здравствена заштита поради неадекватно обезбедување медицинска грижа во казнено-поправна установа.**

**Краток преглед на обезбедени правни услуги:**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети за условен отпуст со заштитен надзор.**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции.**
- **Обезбедени правни информации и совети на клиентите.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ФЕВРУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци и препораки**

- **Поттикнување поголема примена на мерката условен отпуст со заштитен надзор преку зајакната соработка на судските органи и пробациската служба.**
- **Обезбедување доволен медицински персонал, пристап до соодветна здравствена заштита и пристапност до лекови и терапија.**
- **Зајакнување на механизмите за надзор и отчетност во казнено-поправните установи со цел унапредување на почитувањето на човековите права и пристапот до правдата за осудените лица.**

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП – Бесплатна правна помош | 29 | |
| СПП – Секундарна правна помош | 0 | |
| Вкупно | 29 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 15 | 51,5% |
| Жени | 14 | 48,5% |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 16 | 55,5 |
| Албанци | 6 | 20,5 |
| Роми | 6 | 20,5 |
| Турци | 1 | 3,5 |
| Срби | / | / |
| Географски региони | | |
| Скопски | 19 | 66 |
| Вардарски | / | / |
| Полошки | 2 | 7 |
| Пелагониски | 4 | 13,5 |
| Југозападен | / | / |
| Североисточен | 1 | 3,5 |
| Источен | 3 | 10 |
| Југоисточен | / | / |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 2 | 7 |
| Социјална заштита и осигурување | 4 | 13,5 |
| Заштита на деца | / | / |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 1 | 3,5 |
| Здравствено осигурување и заштита | / | / |
| Работни односи | 3 | 10,5 |
| Родово базирано и семејно насилство | 7 | 24 |
| Статусни прашања | 3 | 10,5 |
| Заштита на човековите права | 7 | 24 |
| Други | 2 | 7 |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ПРИХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО МИНИМАЛНАТА ПЛАТА - ПРЕЧКА ЗА СУДСКА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА

**Во февруари 2024 година, до Хелсиншкиот комитет се обрати работник со барање за бесплатна правна помош во врска со добиена одлука за откажување на договорот за вработување без отказен рок. Во рамките на примарната правна помош, на работникот му беше укажана правна помош за навремено преземање на сите потребни дејства во претходната интерна постапка пред работодавачот, како што е поднесување приговор против одлуката за отказ на договорот.**

**За време на краткиот рок од 15 дена за поднесување тужба, сметано од денот на поднесување на приговорот, Одделението за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет ги презеде следните дејства. Прво, од барателот беа побарани приходи за неговата финансиска состојба, при што веднаш се утврди дека малку го надминува прагот на семејните приходи определен за одобрување секундарна правна помош (бесплатен адвокат).**

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ПРИХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО МИНИМАЛНАТА ПЛАТА - ПРЕЧКА ЗА СУДСКА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА

Потоа, имајќи предвид дека за проблематиката на случајот неопходно беше работникот да биде застапуван од адвокат во работниот спор што требаше за само неколку дена да се поведе со тужба пред Основниот суд Прилеп, а покривањето на адвокатските и судските трошоци би го довело во уште понезавидна финансиска положба како единствен вработен во семејството, кој во меѓувреме останал без работа, Хелсиншкиот комитет стапи во контакт со синдикатот СУТКОЗ во кој членува работникот, со цел да му обезбеди адвокат, по претходно обезбедена информација од сајтот на синдикатот – дека за нивни членови имаат фонд за бесплатно правно застапување.

Така, на средината на февруари 2025 година, работникот го извести нашиот правен советник за донесена првостепена пресуда со која се уважува тужбеното барање отказот да биде поништен, а работникот да биде вратен на работа, на истото работно место.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ПРИХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО МИНИМАЛНАТА ПЛАТА - ПРЕЧКА ЗА СУДСКА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Овој случај укажува на сериозно ниско поставената граница на семејните приходи за одобрување СПП – поврзана со износот на минималната плата, имајќи ги предвид инфлацијата, порастот на трошоците за живот, но имајќи ги предвид и статистичките податоци што укажуваат на фактот дека во мнозинството работнички семејства, еден член работи за плата под износот на просечната. Конечно, имајќи предвид дека мнозинството работници во Македонија не се синдикално организирани, особено во приватниот сектор, јасно е зошто се неопходни измени во Законот за бесплатна правна помош во насока на олеснување на финансиските критериуми за одобрување секундарна правна помош.**